**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

Број:0901/5-5

31.01.2024 година Скопје

| | |
|---|---|
| **ООУ„Свети Кирил и Методиј“општина Свети Николе** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 31.јануари 01 и 02. февруари 2024 |
| **Број на извештај:** | 1/Вардарски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Љубиша Николиќ |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 1 Долно Ѓуѓанце |
| **Основач на училиштето:** | Општина Свети Николе |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 544 |
| **Полова структура на ученици:** | 243 машки и 301 женски |
| **Број на наставници:** | 54 8 машки и 46 женски |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Наташа Ордева |
| **Директор на училиштето:** | Анета Ивановска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 04,05,06. февруари 2019 |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Ангел Трајчев |
| **Телефон:** | 032 443 110 |
| **Факс:** | 032 443110 |
| **e-mail:** | ou-kirilimetodij-svetinikole@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | 3,47 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број86/2006

**РЕЗИМЕ**

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 31 јануари до 02. февруари 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ОУ ООУ „Свети Кирил и Методиј" – Свети Николе, во периодот 31јануари до 2 февруари 2024 година.
За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор и Совет на родители, Наставничкиот совет,Кординаторите на стручните активи и ученичката заедница.
Инспекторите ги посетија часовите на сите наставници во централното и подрачното училишта во с.Долно Ѓуѓанце.
Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ"Свети кирил и Методиј" Свети Николе е **добро 3,47..**
Училиштето има изготвено самоевалуација за период од 2021 до 2023 година заведена во училиштето со дел.бр.0102-253/3 од 16.06.2023 година.
Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со бр. бр. 0102-114/23 од 24.3.2022 за период од 2022 до 2026 година која е усвоена на Училиштен одбор.
Училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебната 2023-2024 година со бр. 0102-356/1 од 14.8.2023 година.
Годишен извештај број 0102-321/1 оd 03.07.2023 година и одлука на Совет на општина за усвојување на извештајот бр.0801-452 од 06.07.2023
Со учениците со посебни образовни потреби работи инклузивен тим на училиштето со Решение бр. 0206-398/4 од 13.09.2023 година кој има своја програма бр.0805-331/2 од 04.07.2023 година и се формирани 8 инклузивни тима за ученик.
Формиран е училишен тим за меѓуетничка интеграција со Решение бр.0805-356/2 од 31.08.2022 година кој ги планира, организира и реализира предвидените активности според годишниот акционен план за 2023/24 година 0805-379/3 од 30.08.2023 година..
Училиштето има партнер училиште ООУ,,Наим Фрашери,, Куманово со склучен меморандум за соработка бр. 0307-450/2 од 1.10. 2019 год.
Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Лиска-поток"- Свети Николе со Решение од 23.02.2015 година ЕМБС 7018690.
Училиштето има формирано ученички парламент и има донесено програма за работа 2023/24 година заведена под бр.0806-34/7-1 од 25.09.2023 година
Во ООУ „Кирил и Методиј" – Свети Николе, се реализира проширена програма која опфаќа настава со продолжен престој од прво до трето одделение.
Постои соработка на наставниците од училиштето со наставници од други училишта на ниво на регион и пошироко.
Во училиштето доволно се интензивирана соработката ученици-наставници и родители со вклучување и реализирање на активности во рамки на проекти во кои е вклучено училиштето.
Училиштето располага и со асистивна ИКТ технологија, сензорна соба и истата се користи во континуитет од страна на ученици на кои им е потребна.
Сите наставници од одделенска настава и добар дел од предметна настава водат ученички портфолија.
Стручната служба – педагогот,социологот, психологот и дефектологот водат евиденција за опфатот на учениците по завршувањето на основното образование.
Преку редовните презентации од средното училиште од општината и средните училишта пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили.

Воспитно-образовниот процес  во училиштето  го реализираат 77 вработени од кои 54 наставен кадар, 1 директор, 1 помошник директор со 10 наставни часа ангажиран во настава, 6 стручни соработници ( 1 педагог, 1 психолог, 1 дефектолог, 1 социолог, 1 дефектолог - логопед и 1 библиотекар ), 3 административен персонал ( 1секретар, 1 благајник и 1 технички секретар), 15 лица технички персонал ( 1 домаќин – економ, 1 хаусмајстор, 1 ложач на парно греење, 1 ноќен чувар и 11 хигиеничари )  8 се мажи, 7 се жени.
Училиштето има изготвено Статут бр. 0101-348/1 од 21.07.2023година година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје, и истиот редовно се усогласува со законските измени.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинско основно училиште „ Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе, е лоцирано во централното градско подрачје на ул. ,,Ангел Трајчев“ бр.40, Свети Николе. Започнува со работа во далечната 1969 година во сега постојната училишна зграда во која учеле ученици од петто до осмо одделение.
Училиштето функционира во две згради и тоа едната зграда на ул.,,Ангел Трајчев” бр.40 во Свети Николе и втората зграда во с.Долно Ѓуѓанце како подрачно училиште , во средина каде што живее претежно македонско население.
Општинско основно училиште „Кирил и Методиј„ Свети Николе започнува со својата воспитно-образовна дејност во далечната 1973 година. Тоа е верифицирано со акт бр. 1002-509 од 10.06.1986 година и има основна цел да образува и воспитува ученици кои според возрасната структура припаѓаат од I до IX одделение.
По национален состав од вкупно 544 ученици, Македонци се 541, Турци 2 и Роми 1. По полова структура 243 ученици се машки и 301 се женски, распоредени во 35 паралелки, од кои 20 во одделеска,(1 паралка за ученици со посебни потреби) и 15 предметна настава.Воспитно-образовниот процес во Општинско основно училиште “Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе се изведува на македонски јазик за учениците од прво до деветто одделение. Се работи во две смени. Првата смена започнува со настава од 7:30 до 13:00, додека втората од 13:30 до 18:15. Во првата смена се распоредени учениците од предметна и оделенска настава, додека во втората смена се распоредени паралелки само од одделенска настава.
Во одделенската настава учениците се распоредени во 20 паралелки и релизираат настава на наставен македонски јазик. Во предметната настава учениците се распоредени во 15 паралелки и релизираат настава на наставен македонски јазик.Во состав на училиштето работи 1 комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби каде наставата ја реализира наставник дефектолог.Во состав на училиштето од учебната 2017/18 година почнува да работи 1 комбинирана паралелка со продолжен престој за ученици од 1 до 3 одделение а наставата ја реализира наставник по одделенска настава.
Во подрачното училиште во с.Долно Ѓуѓанци постои комбинирана паралелка од прво до петто одделение, каде наставата се реализира секогаш во прва смена.
Во училиштето нема организирано целодневен престој. За учениците од прво до петто одделение се обезбедува прифаќање на ученици еден час пред почеток на наставата, како и еден час за испраќање на учениците.
Воспитно-образовниот процес во училиштето го реализираат 77 вработени од кои 49 наставен кадар, 1 директор, 1 помошник директор со 10 наставни часа ангажиран во настава, 6 стручни соработници (1педагог, 1психолог, 1дефектолог, 1социолог,1 дефектолог-логопед и 1 библиотекар), 3 административен персонал (1секретар, 1благајник и 1 технички секретар), 15 лица технички персонал (1 домаќин –економ,1 хаусмајстор,1 ложач на парно греење,1 нокен чувар и 11 хигиеничари) .Училиштето располага со 16 училници,7 специјализирани училници (1 кабинет по техничко образование, 1 кабинет по информатика, 1 кабинет по биологија, 1 кабинет по ликовно образование, 1 кабинет по физика, 1 кабинет по хемија и 1 кабинет по музичко образование) 1 просторија за библиотека, 1 наставничка канцеларија, 6 канцеларии за административно работење,1 просторија како трапезарија за ученици од продолжениот престој и 1 фискултурна сала. Училишната зграда во централното училиште се затоплува со сопствено парно греење на течно гориво, додека зградаа во с.Долно Ѓуѓанци е со печки на тврдо гориво.

- **Планирање, настава и учење**

### 1.1 Планирања на наставници

За реализација на наставните планови и програми, сите наставници со почетокот на секоја нова учебна година изготвуваат годишни глобални и тематски планирања, како од задолжителната настава, така и од слободните ученички активности, воннаставните активности, додатната и дополнителната настава, Еко планирања, планирања за активот, родителските средби, интегрирани планирања и планирања за учениците со тешкотии во учењето.
Училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на наставата од страна на директорот и стручната служба,а училиштето има обезбедено обуки на наставниците и стручните соработници за планирањето на наставата а дневните оперативни планови/сценарија за наставен час (усогласени со тематските планирања) се следат во текот на годината и при посетите на часови од директорот и стручната служба.
Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени техниките, домашната работа, корелација со други предмети и инструменти преку кои се спроведува оценувањето, ИКТ, еко-стандарди кои се усогласени со тематските планирања и сл. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. . Во планирањата имплементирани се и содржините од МИМО. Континуирано, во текот на учебната година, стручната служба ги следи и анализира планирањата на наставниците, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите.
Редовно се води педагошки картон за евиденција и вреднување на планирањата на наставниците Забелешките од следењето на наставата, уредно се води во педагошка евиденција, водена од страна на стручната служба. За поефикасно планирање на наставата, училиштето на наставниците им дава стручна поддршка преку едукација на наставниците, преку неформална и формални состаноци и преку состаноци на стручните активи.

Стручната служба во соработка со наставниците редовно разменува искуства и информации околу планирањата. Секоја новина или насока добиена од БРО или МОН е споделена навремено преку состаноци и меилови, вибер и фб групи. Стручните активи редовно разменуваат искуства и информации при планирањата најмалку два пати годишно. Исто така постои одлична соработка и со другите училишта од општината каде се споделуваат корисни искуства околу планирањата.
Директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, но не и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поединечно се води разговор и се даваат препораки за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

**1.2 Наставен процес**

Воспитно - образовната работа во ООУ„ Свети Кирил и Методиј “– Свети Николе, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, IV и V одделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.
По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination Centre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Наставниците кои реализираат настава имаат посетено обука за реализација на наставата по новата

Концепција за основно образование, организирана од страна на Бирото за развој на образованието. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Реализацијата на наставниот процес ја извршува соодветен кадар согласно утврдените стандарди и нормативи. Наставата се одвива непречено. Од учебната 2021/22 година за прв пат е имплементирана новата национална концепција. Наставниците кои работат по истата ги имаат изработено и адаптирано своите годишни, тематски и дневни планирања за работа / сценарија.

Пред почетокот на секоја учебна година, во месец мај учениците и нивните родители од седмо до деветто одделение имаат можност да изберат еден од трите понудени изборни предмети според наставниот план, со спроведување на анкети, исто така се спроведуваат и анкети и кај учениците од четврто и петто одделение во согласност со новата наставна концепција и според Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето . Учениците од шесто одделение имаат можност да направат избор на втор странски јазик. Се почитува изборот на учениците и соодветно се распределуваат по паралелки и групи.

Наставниците во училиштето системски ги анализираат потребите на учениците и во соработка со стручната служба ги приспособуваат активностите и задачите на индивидуалните образовни потреби на учениците. Сите ресурси за учење и настава максимално се искористуваат, се користи и дополнителна литература и наставниците се отворени за различни приоди во наставата според потребите на учениците.
Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација, со тоа што користат добро испланирани наставни методи, како што се: аналитичко–синтетички метод, метод на разговор (дијалошки метод), метод на игра, истражување, набљудување, практична работа, текст-метод, демонстрација, илустративен метод, метод на решавање на проблеми, за да работат со учениците индивидуално, во мала група или со целата паралелка.

Наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето, и на тој начин поучувањето е јасно и разбирливо и соодветствува со возраста на учениците.
Наставниците ја применуваат интерактивната настава, ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во истата.
Учениците постојано се поттикнуваат и мотивираат активно да учествуваат во наставниот процес преку пофалби, разговори.
Учењето во училницата во училиште е активно, динамично и има работна и стимулирачка атмосфера.
Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. И самите приоди и техники во наставата придонесуваат за интеракција во наставата и помеѓу учениците, а сето тоа води и кон постигање на целите на наставните содржини.

Училиштето функционира како Центар за поддршка на учењето на учениците со посебни потреби од сите општински училишта, добива сензорна соба наменета за стимулација на овие ученици за прв пат во некое од училиштата во Свети Николе, се спроведуваат активности предвидени со проектот From disability to foodability, финансиран од Шведската организација за развој We effect и Radiohjalpen. Со решение бр. 0206-398/2 од 13.9.2023 год. е формиран Училиштен инклузивен тим кој редовно се ажурира при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП.
Во училиштето има 8 ученика со посебни образовни потреби, од кои 7 се инклузирани, а едно е во паралелката за деца со посебни образовни потреби. Во соработка со ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес, во училиштето работат 4 образовни асистенти.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор редовно дава поддршка при изработките на ИОП на наставниците во училиштето и во останатите училишта во општината. Редовно работи и со учениците со ПОП од другите училишта, користејќи ги постоечките ресурси во училиштето. Во училиштето има влез адаптиран за лица со инвалидитет, а има и адаптирани тоалети за ученици со физичка попреченост.
*Учениците со ПОП редовно се вклучени во сите воннаставни активности и на сите приредби, на гостувањетоо во емисијата „Ѕвон“, на ликовни работилници и сите останати проекти.*
*На наставниците училиштето им овозможило во неколку наврати обуки за работа со деца со ПОП и инклузија.*

Училиштето има формирано ТУИ со архивски број 0206-397/3 од 13.9.2023 год. и има изготвено акциски план бр. 0805-379/3 од 30.8.2023 год. според кој уредно доставува извештаи за истиот. Има партнер училиште ООУ „Наим Фрашери“ од Куманово , со кое има потпишано меморандум за соработка бр. 0307-450/2 од 1.10.2019год. Сите наставници во своите планирања имаат интегрирано содржини за меѓуетничка интеграција. Реализирани се заеднички онлајн работилници преку алатката Microsoft Teams со цел подобрување на меѓуетничката комуникација, размена на различни идеи и искуства меѓу учениците.
Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

**1.3. Искуства на учениците од учењето**

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Изработките на учениците од разни работилници и воннаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето на учениците и наставниците им ги обезбедува сите материјали потребни при изработката на летоци, изложбени паноа и постери.
Учениците сметаат дека по голем број на предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци и даваат примери за примена на она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.
Учениците и родителите сметаат дека учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и дека мислењето на учениците се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивен интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто преку воннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирани се бројни активности: хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, изработка на изложбени паноа и дигитални презентации со пораки до врсниците на разни теми (моите права и моите обврски, превенција од врсничкото насилство, штетноста од пушењето и користењето на алкохол и дрога, одбележување на настани и др.). Најголем број од учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира нивна меѓусебна соработка. Училиштето негува меѓуетничка комуникација и почитување на различностите. Најголемиот број учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 1.4 Оценувањето како дел од настава

Наставниците континуирано го следат и евидентираат напредокот на учениците и при тоа употребуваат најразлични инструменти за оценување, со цел да се добијат веродостојни показатели за исправното оценување на учениците. Оценувањето е во согласност со стандардите и критеримите на оценување дадени од БРО.
Јавно и транспарентно се врши следење, бележење и оценување на знаењата на учениците. Учениците и родителите се запознаени со стандардите и со критериумите за оценување. Сите родители имаат увид во оценувањето на нивните деца преку следење на Е-Дневник, известување на родителски средби, индивидуални средби и отворен ден со родители, кој се одржува секој прв понеделник во месецот. Учениците секојдневно добиваат повратна информација за оценувањето на нивните постигнувања. До сега немамат случај за приговори за оценувањето на некои наставници.
Наставниците изработуваат тестови според Блумовата таксономија и тежински нивоа и 90 % од наставниците вршат анализа на тестовите и користат инструменти како чек листа или друга пишана информација за известување на напредокот. При формативните проверки ги одредуваат јаките и слабите страни од усвојувањето на новите содржини од темите и применуваат саморефлексија на наставните содржини и единици.
Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето, за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата.
Стручната служба, преку разговори со наставниците и учениците и советодавни разговори со родителите, влијае со препораки за подобрување на успехот кај учениците, кои имаат потешкотии во учењето и постигнуваат послаб успех.
Оценувањето на учениците со ПОП е во согласност со Индивидуалните образовни планови.

### 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Сите ученици на почетокот на учебната година се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето и се спроведува анкета за избор на две секции во кои ученикот сака да членува.
На предлог на учениците, преку ученичкиот парламент се даваат предлози за воннаставни активности кои училиштето ги усвојува и дава целосна поддршка за нивна реализација.
При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.
За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Од страна на наствниците се води евиденција за реализирани воннаставни активности во образец за Педагошка евиденција за воннаставни активности.
Воннаставни активности се реализираат и преку: литературно – рецитаторска драмска секција, музичка секција, секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по екологија, спортски активности, секција по хемија, англиски јазик, клуб на млади математичари, клуб на волонтери, хорти култура по биологија, француски јазик и по други наставни предмети. За афирмирање на училиштето преку воннаставните активности се користи фејзбук, Web - страната на училиштето, локална телевизија, во соработка со општината.
Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Лиска Поток“- Свети Николе, Во 2021/2022 година ученици преку спортскиот клуб, освоиле 8 први и 4 втори место и едно трето место на општински, меѓуопштински, зонски и државни натпревари во 2022/2023 година освоиле 10 први, 5 втори и 1 трета награда на општински, меѓуопштински, зонски и регионални натпревари,
Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности.
Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето.

Во училиштето се реализираат вонnаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за вонnаставни активности.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на вонnаставни активности. Поради Ковид –пандемијата, во учебната 2020/21 година, поголем број од натпреварите се одржани он-лајн при што се освоени на регионално ниво 7 први награди, 20 втори и 37 трети награди. Во учебната 2021/22 се освоени на регионално ниво 10 први награди, 16 втори и 31 трети награди а на државни натпревари освоени 2 први, 8 втори и 5 трети награди. Во учебната 2022/23 година се освоени на регионално ниво 7 први награди, 20 втори и 37 трети награди а на државни натпревари освоени 6 први, 4 втори и 6 трети награди. Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно правилник на училиштето кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

**2.Постигање на учениците**

2.1. Постигање на учениците

• Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на на настава според наставни предмети и според квалификациони периоди.

Во училиштето континуирано се врши следење на постигањата на учениците во текот на наставниот процес од страна на училиштето по сите наставни предмети по пол и етничка припадност во текот на сите квартали и целата учебна година .Успехот на учениците континурано се следи и по завршувањето на основното образование на учениците од IX-то, одделение во соработка со средните училишта каде што се запишуваат учениците..На

На Наставничкиот совет на секој кфалификационен период се презентираат анализите на успехот,поведението и изостаноците на учениците.

Во училиштето сите ученици следат настава на македонски јазик.

Споредбени анализи за поведение на ученици (различен пол) за последни три учебни години:

Во учебната 2020/21 година: примерно поведение по ученик: 305 машки-99,67 % и 258 женски-100%. Има само 1 ученик со добро поведение.

Во учебната 2021/22 година:примерно поведение по ученик:298 машки-99,67% и 253 женски-100%.Има само 1 ученик со незадоволително поведение.

Во учебната 2022/23 година:примерно поведение по ученик:288 машки-98,87% и 245 женски-99,59%.Има 1 ученик со добро и 1 ученик со незадоволително поведение.

Во учебната 2023/24 година:примерно поведение по ученик:296 машки-99,33% и 240 женски-99.59%. Има 1 ученик со добро и 1 ученик со незадоволително поведение.

Од анализата на поведението на учениците (различен пол) може да се констатира дека во најголем број учениците имаат примерно поведение.

Споредбени анализи за успех:

Во учебна 2020/21 година:четврто одделение-4,39 успех, петто одделение -4,24 успех, шесто одделение-4,24 успех, седмо одделение-4,44 успех, осмо одделение 4,21 успех и деветто одделение 4,24 успех.

Во учебната 2021/22 година:четврто одделение -4,54 успех, петто одделение-4,38, шесто одделение-4,16 успех, седмо одделение-4,21 успех, осмо одделение-4,31 успех, деветто одделение-4,28 успех.

Во учебната 2022/23 година: четврто одделение -4,67- успех, петто одделение-4,56 успех, шесто одделение-4,24 успех, седмо одделение-4,14 -успех, осмо одделение-4,12 -успех, деветто одделение-

4,42- успех.

Од анализата на успех по одделенија од четврто до деветто и по учебни години од 2021 до 2023 година, може да се забележи еднаков континиутет на успехот на учениците во училиштето.

- Идентификување и подршка на ученици со потешкотиии во учењето, на надарени ученици и на ученици со попреченост.

Во училиштето редовно се врши следење и бележење на постигањата на учениците и развојот на нивните вештини во ученички портфолија.За унапредување на процесот на учење и поучување, а со самото тоа и унапредување на постигањата на учениците и наставниците користат различни активни методи, форми и техники на работа и применуваат.Постигањата на учениците вклучувајќи ги учениците со ПОП во инклузија,се исто така и резултат на учеството во воннаставните активности континуирано се проследуваат на страната на ФБ на училишето и на веб страната на училишето http://oukirilimetodij.weebly.com/ , како и во полугодишните и годишните извештаи на училишето.

Врз основа на индивидуалната евиденција за учениците, наставниците изработуваат извештаи на ниво на паралелки, а социологот изработува анализи на ниво на квалификациони периоди и споредбени анализи по години. По обработка на податоците, истите се достапни до учениците, родителите и останатите наставници.

Резултатите од анализите се користат во доволна мера понатаму за подобрување на постигањата и на целиот воспитно - образовен процес.

При упис на првачињата стручната служба ги идентификува учениcте со посебни образовни потреби и за нив наставниците во соработка со дефектологот изготвуваат индивидуални образовни планови и модифицирана програми..Во училиштето е формиран тим за инклузија, со цел на учениците со посебни образовни потреби во учењето да им се помогне да постигнат подобри резултати по наставните предмети и тим за секој ученик поединечно.На истите ученици училиштето им обезбедува асистенти за поддршка во учењето. Во училиштето има 4 (четири) образовни асистенти.

Во училиштето постои и паралелка со 1 (еден) ученик кој е категоризиран како ученик со пречки во психофизичкиот развој со кои работи дефектолог.

За ученици кои постигнуваат повисоки резултати наставниците користат дополнителни активности во текот на часот и задолжително организираат додатна настава за која наставникот изготвува планирања. Училиштето организира задолжителни слободни активности за сите заинтересирани ученици.Активностите и постигањата на учениците се промовираат преку : училишни , регионални и државни натпревари , распишани конкурси на локално и државно и меѓународно ниво и во овој дел училиштето има остварено видливи резултати . Постои одлична соработка со локалната заедница каде се организираат тематски трибини, работилници, часови, манифестации.

- Известување на родители/старатели за постигањата на учениците.

Училиштето нуди можности за информирање на родителите за постигањата на учениците преку отворени денови за родителите ( секој прв понеделник во месецот за предметна настава и секој последен понеделник во месецот за одделенска настава) ,каде родителите имаат можност да разговараат со сите одделенски и предметни наставници.Редовно се доставуваат евидентните листи за успехот на учениците до родителите по завршувањето на прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и на крајот од учебната година на родителските средби. Е-Дневникот им овозможува на родителите да ги следат постигањата на своите деца,со тоа што ,одделенските и раководителите на

паралелките имаат можност да креираат по електонски пат-евидентен лист.Родителите со најава во Е-дневникот го потпишуваат истиот.На овој начин родителот на секој ученик има увид во постигнувањето на својот ученик.

Со ваквиот пристап во училиштето се добива редовен и континуиран преглед на наставните содржини кои учениците ги изучуваат по секој предмет, изостаноци, домашни работи и сл. Преку е-дневникот редовно добиваат информации за успехот, редовноста, наставните содржини, писмените проверки како и домашните работи, а преку веб-страната на училиштето:родителите се информираат за реализираните активности, постигнувањата на учениците, известувања околу тековни и претстојни проекти и преку ФБ страната на училиштето и преку локални и национални медиуми.

Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава и истата се планира од страна на наставниците. Наставниците имаат изготвено термините на одржување, распоред и јавно се истакнати пред учениците и родителите.

- Редовност во настава.

Во однос на редовноста на учениците училиштето континуирано ги следи изостаноците на учениците(според пол ,етничка припадност и социјалното потекло) со споредбени анализи.

Редовност на ученици во учебна 2021/22 година:

Во I прво одделение,оправдани изостаноци/машки -780 и женски 464 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност и еден од ромска националност.

Во II второ одделение,оправдани изостаноци/машки -278 и женски 150 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 10 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во III трето одделение,оправдани изостаноци/машки -1295 и женски 878 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IV четврто одделение,оправдани изостаноци/машки -687 и женски 605 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во V петто одделение,оправдани изостаноци/машки -1054 и женски 725 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VI шестто одделение,оправдани изостаноци/машки -1489 и женски 811 изостаноци, неоправдани/машки-2 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност и еден ушеник од турска националност.

Во VII седмо одделение,оправдани изостаноци/машки -1521 и женски 1160 изостаноци, неоправдани/машки-8 и женски 14 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VIII осмо одделение,оправдани изостаноци/машки -1503 и женски 1380 изостаноци, неоправдани/машки-26 и женски 7 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IX деветто одделение,оправдани изостаноци/машки -2073 и женски 978 изостаноци, неоправдани/машки-29 и женски 6 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност и еден ученик од турска националност.

Редовност на ученици во учебна 2022/23 година:

Во I прво одделение,оправдани изостаноци/машки -915 и женски 792 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во II второ одделение,оправдани изостаноци/машки -973 и женски 782 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 10 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност само еден од ромска националност.

Во III трето одделение,оправдани изостаноци/машки -414 и женски 552 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IV четврто одделение,оправдани изостаноци/машки -1066 и женски 664 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во V петто одделение,оправдани изостаноци/машки -790 и женски 446 изостаноци,

неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VI шестто одделение,оправдани изостаноци/машки -678 и женски 253 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност

Во VII седмо одделение,оправдани изостаноци/машки -1142 и женски 634 изостаноци, неоправдани/машки-2 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VIII осмо одделение,оправдани изостаноци/машки -1787 и женски 11214 изостаноци, неоправдани/машки-97 и женски 43 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IX деветто одделение,оправдани изостаноци/машки -1397 и женски 1621 изостаноци, неоправдани/машки-40 и женски 20 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Редовност на ученици на прво полугодие во учебна 2023/24 година:

Во I прво одделение,оправдани изостаноци/машки -412 и женски 257 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност и еден од турска националност.

Во II второ одделение,оправдани изостаноци/машки -407 и женски 317 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 9 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во III трето одделение,оправдани изостаноци/машки -315 и женски 254 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IV четврто одделение,оправдани изостаноци/машки -240 и женски 155 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во V петто одделение,оправдани изостаноци/машки -806 и женски 352 изостаноци, неоправдани/машки-0 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VI шестто одделение,оправдани изостаноци/машки -470 и женски 459 изостаноци, неоправдани/машки-1 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VII седмо одделение,оправдани изостаноци/машки -610 и женски 247 изостаноци, неоправдани/машки-2 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во VIII осмо одделение,оправдани изостаноци/машки -806 и женски 439 изостаноци, неоправдани/машки-6 и женски 0 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност.

Во IX деветто одделение,оправдани изостаноци/машки -1687 и женски 105 изостаноци, неоправдани/машки-62 и женски 43 изостаноци.Сите ученици се од македонска националност и еден ученик од турска националност.

Од споредбените анализи за изостаноци на учениците од учебната 2021 година до полугодие на учебната 2023/24 година, може да се констатира поголем број на изостаноци кај машките ученици и поголем број на оправдани и неоправдани изостаноци кај предметната настава, најмногу во IX и VIII одделение.

Во училиштето се анализираат причините за отсуство од настава(како неоправдани,така и оправдани) и на време се превземаат конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците.Родителите се информирани од страна на училиштето во врска со редовноста на учениците постапувајки согласно законските обврски , но податоците говорат дека на одредени ученици родителите не покажуваат доволен интерес и соработка,сето тоа резултира на успехот и редовноста на ученикот.Соработка ушилиштето остварува и со ЦСР-Свети Николе, преку нивни посети, за консултации со учениците кои потекнуваат од ранливи категории, корисници на нивни услуги.

- Советување на родители/старатели и ученици.

Во училиштето се реализира советувања согласно Законот за основно образование и редовно се изготвува Програма за советување, месечен и неделен план.Причините за советувањата на родителите и учениците се: намален успех, нередовност во наставата и недолично однесување.

Родителите се повикуваат  на советување со покана упатена со лична достава, по телефон или по пошта. За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации.Психолог и педагог во училиштето заедно со социологот реализираат работилници за учениците, за помош при нивното понатамошно образование. Стручните соработници ги информираат учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во средните училишта. Социологот  одржува усни советувања со деветоодделенците со цел помош при нивната професионална ориентација. При крајот на учебната година училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Општи информации за понатамошно образование се и дел од програмите за реализирање на одделенските часови.

- Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава.

Подобрувањето и постигнувањата на учениците во редовната настава континуирано се следи преку посети на час и анализите на успехот на секој квалификационен период. Наставниците користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Дел од наставниците користат диференцирани цели и планираат диференцирани активности .За учениците кои покажуваат послаб успех и имаат тешкотии во учењето се реализира дополнителна настава и се прават месечни распореди ,кои се огласуваат на Огласната табла и веб страната на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

Реализацијата на активностите за постигнување на целите во училиштето се преточени во планирањето и во поставувањето на одговорностите.Образовната политика на училиштето е предвидена во Годишната програма за работа на училиштето

# 3. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 3.1. Училишна клима и односи  во училиштето

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето спроведува специфични вонnаставни активности по кои е препознатливо во средината. Во дворот на училиштето има изграден  сообраќаен полигон за  сите ученици вклучувајќи ги и децата  со посебни образовни потреби на кој се реализираат воннаставни активности во однос на подигнување на  сообраќајната култура на сите ученици. Како дел од воннаставните активности се и учества на учениците на  локални, регионални и државни   манифестации. Училиштето има изработено своја химна  и  хор од  наставници  по што е препознатливо за околината. За афирмацијата на воннаставните активности како и постигањата на учениците, училиштето ја користи својата интернет-страница: oukirilimetodij.weebly.com,   фејзбук- страната и катчето на успешните  кое  се наоѓа на паноата во холот на училиштето, а  делумно и преку гостувања на телевизиски емисии.

Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на

сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Постојат договорени процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, но нема примери од спроведувањето во практиката.
Не се практикува ажурирање на содржината на кодексот на однесување. Во училиштето има усвоен протокол за користење на мобилни телефони кој во најголема мера се почитува од учениците и вработените.

Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели.

Куќниот ред на училиштето се почитува од страна на учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и вonnаставните активности. Најголем број од вработените се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето. Во училиштето има организирани дежурства на наставниците за време на одморите, а има инсталиран и видео-надзор на сите влезови како и по ходниците.
Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки, а тимот за поддршка поретко се вклучува во справување со проблемите.

Во училиштето функционира ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и ученички правобранител. Поголем број од учениците се информирани од страна на претставникот на ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку ученичкиот парламент почесто учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат две реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.
Учениците членови на ученички парламент во ретки случаи се поканувааат на состаноци на училиштен одбор.

**3.2. Еднаквост и правичност**

Во училиштето е избран ученички правобранител преку јавен повик за избор и со демократска процедура. Ученичкиот правобранител има мал број на реализирани активности за заштита и унапредување на правата на учениците. Поголем број од вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата.
Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците, но реализира мал број на активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Училиштето организира поголем број на активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците во најголема мера знаат да препознаат нееднаков третман. Поголем број од учениците знаат каде да се обратат.
Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Различните маргинализирани/ранливи групи се вклучени во училишните активности.

**3.3. Партнерски однос со заедницата**

Информациите што се однесуваат на поголем број аспекти од работата на училиштето им се

достапни на родителите во пишана и електронска форма. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, а презема и поголем број на активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

**3.4. Севкупна грижа за учениците**

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Најголемиот број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. При секој облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците се постапува според протоколот за насилство при што навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки. Во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.
Училиштето има договорени процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.
Преземените активности придонесуваат да нема насилство во училиштето.

Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и делумно хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи.
ПП апаратите во училиштето редовно се сервисираат, а хидрантите се функционални. Во училиштето има извештај за мерење на исправноста на громобранска инсталација, но истата не може во целост и точно да се измери. План за евакуација има истакнато на секој кат од училиштето и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. На сите ката од училишната зграда има сандаче за прва помош, а има и лица кои имаат сертификати за давање на прва помош.

Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Преку континуирана соработка со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) училиштето дава помош и поддршка на учениците од социјално

загрозени семејства. За учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава најчесто се обезбедува реализација на настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, а по потреба и со локалната заедница и други институции како здравствените установи и центарот за социјална работа.

Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници им помогаат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели и по потреба ги упатуваат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија при што дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште.

## 4.УПРАВУВАЊЕ , РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

4.1 Управување и раководење со училиштето

- Управување со училиштето

Училиштето има Училишниот одбор како орган на управување е состои од седум члена:

- Наташа Ордева-претставник од Совет на родители, претседател
- Еленора Масевска Илиева -претставник од Совет на родители, заменик претседател;
- Катерина Јованчева-претставник од Совет на родители,
- Благој Коцев-претставник од основачот
- Соња Петкова-наставник во ООУ„Свети Кирил и Методиј, Свети Николе.
- Кети Димкова-наставник во ООУ„Свети Кирил и Методиј, Свети Николе.
- Дијана Душанова-Тосевска-наставник во ООУ„Свети Кирил и Методиј“, Свети Николе.

Сите седум члена од училишниот одбор се македонци. Истиот ја отсликува вистинската позитивна социјална и културна средина во која се наоѓа училиштето.

Членовите на училишниот одбор не се меѓусебно и со директорот на училиштето во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишале изјава. Одлуките на Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.Претседателот на Училишниот одбор е избран по пат на тајно гласање.

За работата на Училишниот одбор се водат записници изготвени од записничарот кои се потпишани и заверени од претседателот на УО.

На членовите на училишниот одбор училиштето им има организирано обуки од овластени провајдери и за истите имаат добиено сертификати.

Училишниот одбор има изготвено Деловник за работа 0201-110/3 од 9.3.2022 година и редовно има своја Годишна програма за работа. Седниците се закажувале до 2022/23 година од страна на претседателот по меил, но по барање на членовите на Училишниот одбор, од септември, 2023 година

е изгласано поканите за седниците да  се доставуваат со писмени покани.

Надлежностите на органот за управување се јасно дефинирани со постојната законска регулатива, со Законот за основно образование и со Статутот на училиштето. На состаноците на УО не редовно присуствуваат двајца ученици од Ученички правобранител и Ученичкиот парламент, избрани со тајно гласање на Состаноците на Училишниот Одбор, кои  се одржуваат секогаш со мнозинство од членовите. Доколку нема кворум состанокот се одложува. Досега немало случај за неодржување на седница поради немање на кворум за работа. За работата на Училишниот одбор се водат записници. Улогата на записничар во Училишниот одбор ја врши правникот на училиштето, Викторија Андушова. Училишниот одбор успешно соработува со раководниот орган, Советот на родители, локалната власт и со други институции.

Раководење со училиштето

Раководен орган во училиштето е директорот е Анета Ивановска-дипломиран наставник по македонски јазик и летература со прв мандатен период, со положен испит за директор.

Директорот  е назначен на 9.11.2021 со Решение од Градоначалник на Општина Свети Николе за именување на должност директор со бр. 0402 – 499 / 1 од 8.11.2021 година, а со Решение бр.0901-138/3 од 5.4.2023 година, се именува за  директор на училиштето. Директорот има изготвено своја Годишна програма за работа и Програма за професионален развој. Приоритетот во Годишната програма и програмата за професионален развој е обезбедување на средства за континуирано реализирање обуки и семинари за директорот, стручната служба, наставниците и административен кадар, со што се стекнуваат нови знаења и професионално се усовршуваат и надоградуваат. По извршените обуки да се реализираат дисеминации на другите наставници и следење на стекнатите знаења во реализација на наставата.

Директорот на училиштето се залага за детските потреби и секое дете може слободно да го каже својот став и мислење.Го применува современото учење за учениците и создава позитивни кругови за работа во училиштето.При вршењето на раководната и менаџерската функција директорот редовно  иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се залага за јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење на ООУ „Свети Кирил и Методиј“- Свети Николе  ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план,вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.и реализирање на активностите во организациска смисла. Правилно и многу добро го користи овластувањето и одговорноста што се дадени со функцијата за да стекне авторитет во институцијата со која раководи , но и способност за влијание над останатите субјекти. Одлучно планира, управува, води, организира, контролира, имплементира, секогаш водејќи се според законските обврски. Информирањето на вработените и пошироката јавност се врши преку консултации преку наставнички и одделенски совети, преку соопштенија на огласна табла, поединечни консултации. Информациите ги добива преку одделенскиот раководител, огласна табла, е-пошта, ученичките заедници, Советот на родители, родителски средби, отворените денови за родителите, приредби, медиуми, штандови на знаења.

- Управување и раководење со ресурси

Директорот на училиштето многу добро и продуктивно остварува контакти, партнерства и соработка со локалната средина, општината, невладини организации како и други институции и поединци поврзани со училиштето и неговото успешно работење и опстојување.

Директорот многу добро ја реализира  визијата за развој на училиштето преку соработката со наставниците, учениците, родителите, локалната средина, МОН и БРО.

Директорот на училиштето ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Во континуитет остварува соработка со родителите и Советот на родители, БРО, МОН, градоначалникот, локалната самоуправа и други институции. Успешно ја координира работата на училишниот одбор со раководниот тим на училиштето, стручните активи, Одделенскиот и Наставничкиот совет, Детската организација, ученичката и одделенската заедница на учениците од училиштето.

- Раководење со кадарот

Во училиштето се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој земајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници со кои треба да се стекнат. За усовршување и професионален развој на наставниците училиштето има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот и стручните соработници. Директорот согласно својот план и програма за работа врши посета на часови кај наставници најмалку два пати во едно полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Со стручната служба, наставниците и другите вработени директот воспоставува партнерски однос во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и воедно им дава поддршка на сите наставници – приправници и на нивните назначени ментори, на наставниците кои се запишани на постдипломски студии.

Директорот на училиштето дава поддршка и мотивација на учениците за учество на натпревари, како и навните ментори –наставници се со цел што повеќе да се афирмираат и самите ученици и наставници.Ваков третман има и кон талентираните ученици, а сите ученици кои освојуваат места на натпреварие ги аградува со диплома и скромен подарок.

Учениците со посебни потреби целосно се вклучени во редовната настава и со нив работат образовни асистенти .

- Следење и унапредување на наставниот процес

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, која редовно се применува. Секој наставник се посетува на час од директорот и стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

За реализација на наставните планови и програми, сите наставници со почетокот на учебната година изготвуваат годишни глобални и тематски планирања со имплементирање на Новата национална концепција за основно образование од прво до шесто одделение, како од задолжителната настава, така и од слободните ученички активности, вонннаставните активности, додатната и дополнителната настава, Еко планирања, планирања за активот, родителските средби, планирања за ученици со потешкотии во учењето, индивидуализирани наставни програми за децата со посебни образовни потреби.Сите овие планирања редовно се контролираат од директорот и стручната служба и се даваат повратни информации и евентуални забелешки. Во изготвувањето на ИОП за ученици со посебни образовни потреби, учествуваат сите членови на тимот за инклузија, вклучувајќи ги и родителите. Досегашното искуство покажува квалитет во изготвувањето на овие планирања, а како резултат се многубројните постигнувања и напредокот на учениците.

4.2 Цели и креирање на училишна политика

- Процедури за креирање на училишна политика

Училиштето гради политика на здрава политичка клима.Тоа го постигнува преку донесените пропишани процедури за донесување на училишни политики во чие изготвување кои се вклучени учениците, родителите, наставниците и претставниците од ,локалната заедница, деловната заедница, а секако по потреба и други субјекти од интерес, во врска со прашања кои се врзани со работата научилиштето

Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат.

Со политиката се информираат сите заинтересирани субјекти наНаставнички совет, Одделенски совети и стручни активи, како ипреку развој на тимската работа и врз основа на разговори засостојбата во училиштето.Со нивното учество се обезбедува богаство на идеи, поголема транспарентност и објективност во следењето на квалитетот на работа на училиштето.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето.

Во училиштето се мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, Локалната заедница) се со цел работатно остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.

- Резултати од развојно планирање

Училиштето има изготвено развојно планирање бр. 0102-114/23 од 24.3.2022 година.Целите во развојната програма се конкретни, остварливи, прецизни и јасни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од Самоевалуацијата и Интегралната евалуација на училиштето. При нивното изготвување се вклучени наставник-ментор, наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите, Училишниот одбор за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за нивно реализирање.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има План за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Целите на развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При поставувањето училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.

Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитнообразовниот процес. Во училиштето навреме се детектираат потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Целите на развојниот план се во согласност соцелите на државната и локалната образовна политика.

- Планирање и управување со училишен буџет

Училиштето навремено изработува финансов план за распределување на финансиските средства и истиот е одобрен од страна на Училишниот одбор и Совет на општина. Има и своја самофинансирачка сметка за изнајмување на спортската сала која е доделена на стопанисување на училиштето. Има и донаторска сметка преку која донатори од локалната бизнис-заедница има набавено смарт табли и ЛЦД проектори.Финансиските средства се правилно и транспарентно распределени и буџетските приоритети се соодветни на приоритетите на училиштето. Буџетот се користи за подобрување на квалитетот на наставата, за подобрување на постигнувањата на

учениците и за подобрување на материјално техничките услови во училиштето. Финансовиот извештај е истакнат на веб-страната на улилиштето.

## 5.Наоди и препораки

5.1  Јаки страни:
- Училиштето спроведува специфични вонаставни активности по кои е препознатливо во средината.
- Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.
- Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.
- Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
- училиштето има изграден  сообраќаен полигон за  сите ученици вклучувајќи ги и децата  со посебни образовни потреби
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

5.2 Слаби страни:

-Учениците членови на ученички парламент во ретки случаи се поканувааt на состаноци на училиштен одбор и  Насатвнички совет.
-Ученичкиот правобранител реализира мал број на активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права.
- Не се затоплувааt ходниците и холот во училиштето
-Недоволен број на нагледни средства  за спроведува на воспитно-образовниот процес во подрачното училиште

5.3 Препораки

- Членовите на ученичкиот парламент да бидат вклучени во работа на Училишниот одбор и Наставничкиот совет.
- Да се зголеми бројот на активности  на ученичкиот правобранител во училиштето.
-Да се подобри затоплувањето на ходниците и холот во училиштето.
-Да се обезбедат доволен број на нагледни средства  за спроведува на воспитно-образовниот процес во подрачното училиште

| | |
|---|---|
| **Љубиша Николиќ**, Виш државен просветен инспектор- Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Александар Панев,**Советник-Инспектор-член | |
| **Сања Јакимовски,** Советник-Инспектор-член | |